**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 02-353**
**04.07.2019 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[1] и член 43 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 34 од истиот Закон, согласно член 7 став 1 алинеја 17 и член 63 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и бр.01-2949/1 од 30.05.2019 година и член 51 став 3 алинеја 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Заклучокот бр.02-3335/5 од 04.07.2019 година, на својата 26-та седница, одржана на 04.07.2019 година, ја донесе следната:

**Одлука**
**за поведување на постапка за утврдување**
**на постоење на повреда на забраната за таен содружник, по службена должност**

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за утврдување на постоење на повреда на забраната за таен содружник од член 34 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по службена должност, кај Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, врз основа на сопствени сознанија до кои дојде Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медумски услуги од информации објавени во медиумите.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во рок од 15 дена од денот на приемот на оваа Одлука, да ги достави следните податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата, и тоа:
   - писмено да се произнесе во врска со изјавите на Бојан Јовановски и водителката, изнесени во интервјуто емитувано на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во кое се споменува дека лицето Бојан Јовановски е сопственик на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, и
   - да достави нотарски заверени изјави од физичките лица кои се сопственици на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје – сопственик на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, Миле Јовановски и Јасна Ерцеговиќ, дали сопственикот кој е запишан во Централниот регистар на Република Северна Македонија е вистински и единствен сопственик и дали постои таен содружник, односно дали таен содружник учествува со паричен или непаричен влог во радиодифузерот или во правното лице што е основач на радиодифузерот.

3. Оваа Одлука е конечна.

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

## О б р а з л о ж е н и е

Според податоците со кои располага Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а кои се обезбедени од Тековните состојби издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија, единствен сопственик на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје од Скопје е правното лице Друштво за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје, а управител е Јасна Ерцеговиќ. Сопственици на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје се физичките лица Миле Јованоски, со удел од 95% во сопственоста и Јасна Ерцеговиќ, со удел од 5% во сопственоста.

На 28.06.2019 година, во рамките на телевизискиот програмски сервис на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во емисијата „Отворено студио 1", емитувана во 21:00 часот, во која како гостин во истата беше лицето Бојан Јовановски кој во текот на емисијата неколкупати се претстави како сопственик на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, притоа изјавувајќи дека: *„Мене како сопственик на медиум, ја не сум знаел дека волку е тешко во Македонија да се биде сопственик на медиум…Како сопственик на медиум јас морам, јас морам да разговарам со клиенти за телевизијава и системот во оваа компанија да функционира".* Подоцна во разговорот тој додава дека: *„...Во телевизијата сопственик 95 проценти е Миле Јовановски. Јас не сум, поради тоа што мојата трансакциска сметка е блокирана..."*

Во текот на емисијата и водителката Јадранка Костова споменува дека *„...како сопственик на медиум, легитимна цел е да се пишува за тоа..."*, а пред крајот на самата емисија таа вели *„...иако си сопственик, не би требале да продолжуваме со терминот..."*.

Во документите за регистрација, односно во тековните состојби на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје и неговиот единствен сопственик - Друштвото за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје, физичкото лице Бојан Јовановски не се јавува ниту како сопственик, ниту како управител.

Во членот 34 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги законодавецот утврдил забрана за радиодифузерите да имаат таен содружник, односно согласно овој член „радиодифузер не може да има таен содружник, односно таен содружник не може да учествува со паричен или непаричен влог во радиодифузер".

Согласно членот 43 од цитираниот закон, доколку Агенцијата врз основа на сопствени сознанија или врз основа на податоци добиени од заинтересирани лица има сознанија за евентуално постоење на недозволена медиумска концентрација, односно за постоење на повреда на забраната од членовите 34, 35 став (2) или 38 од овој закон ќе ги испита таквите сознанија по службена должност без одлагање. При испитување на ваквите сознанија, Агенцијата ќе побара од радиодифузерот, во рок кој не може да биде пократок од 15 дена и не подолг од 45 дена, да ги достави сите податоци од значење за одлучување на Агенцијата.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, потребно е да се преземат активности за да се обезбедат релевантни материјални докази за да може до крај да се испита основаноста на сознанијата за евентуално постоење на повреда на забраната за таен содружник, односно да се испита дали физичкото лице Бојан Јовановски е таен содружник во ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, односно дали учествува со паричен или непаричен влог во радиодифузерот.

Следствено на наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[2] и член 43 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 34 од истиот Закон, согласно член 7 став 1 алинеја 17 и член 63 од

[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

29.08.2014 година и бр.01-2949/1 од 30.05.2019 година и член 51 став 3 алинеја 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Заклучокот бр.02-3335/5 од 04.07.2019 година, на својата 26-та седница, одржана на 04.07.2019 година, одлучи да поведе постапка по службена должност, за утврдување на постоење на повреда на забраната за таен содружник од член 34 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кај Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје. Следствено на наведеното, се задолжи Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во рок од 15 дена од денот на приемот на оваа Одлука, да ги достави следните податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата, и тоа: писмено да се произнесе во врска со изјавите на Бојан Јовановски и водителката Јадранка Костова, изнесени во интервјуто емитувано на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во кое се споменува дека лицето Бојан Јовановски е сопственик на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, и да достави нотарски заверени изјави од физичките лица кои се сопственици на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје – сопственик на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, Миле Јовановски и Јасна Ерцеговиќ, дали сопственикот кој е запишан во Централниот регистар на Република Северна Македонија е вистински и единствен сопственик и дали постои таен содружник, односно дали таен содружник учествува со паричен или непаричен влог во радиодифузерот или во правното лице што е основач на радиодифузерот.

Врз основа на погоренаведено, се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

Доставено до:

- Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Сектор за правни работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.